ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 10-237/2

Дата: 25.02.2011

ДО
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, рефлектирани во финансиските извештаи за 2009 година.

Со ревизија на залихите на лекови и медицински материја констатирано е дека Универзитетската клиника нема увид над нивниот реален потрошок, односно нема евиденција на ниво на одделение, вкупно фактурираните/задолжените лекови и медицински материјали неможат да се споредат со реално потрошените, на крајот на годината не е извршен целосен попис, со што е онevозможено следењето на нивниот потрошок и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање.

Поради ваквата состојба ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење на Правниот следбеник, да превземат мерки за воспоставување на целосна материјална евиденција на лековите и медицинските материјали, на ниво на Универзитетската клиника и по одделенијата, да вршат попис на нивната залиха, односно следење на секој поединечен лек и медицински материјал од неговиот прием до неговиот потрошок.
Ревизијата смета дека е потребно целокупната евиденција на лековите и медицинските материјали да се интегрира и да се поврзи во единствен информационен систем, мрежно поврзан, како единствен начин за следење на приемот, распределбата по одделенија, потрошок по пациент, залихите и нивна контрола, со организирана обука на сите вработени корисници на системот.

Осигурениците/пациентите вршат индивидуална набавка на определени медицински материјали-импланти, потребни за нивно непречено лекување, кои Универзитетската клиника во определен момент ги нема на залиха. За вака набавените материјали Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст ФЗОМ), врши рефундирање на средствата на пациентите по цени двојно повисоки од цените по кои Универзитетската клиника ги има набавено со постапка за јавна набавка. Во текот на 2009 година износот на рефундираните средства од страна на ФЗОМ изнесува 13.970 илјади денари.
Со ваквиот начин на набавка на медицинските материјали од страна на пациентите, со сопствени средства, се отежнува процесот на обезбедување на здравствени услуги за самите пациенти, а со рефундирањето на истите, се врши зголемен одлив на средства од буџетот на ФЗОМ со што нереално се намалува буџетот на Универзитетската клиника.

Истакнуваме дека ФЗОМ, согласно Законот за здравствено осигурување има обврска и утврдува референтни цени за лековите, медицинските помагала, опремата, протезите, ортопедските и други помагала и потрошените материјали кои се користат во здравствената заштита на осигурените лица и кои претставуваат максимални износи кои ги надоместува и на кои министерот за здравство дава согласност. ФЗОМ нема изготвено акти/правилници за утврдување на референтни цени за медицински потрошени материјали во кои спаѓаат овие материјали за вградување – импланти, поради што надоместокот/рефундурирањето на средства на осигурениците се врши по цени за кои нема утврдено максимална граница.
Ревизијата препорачува надлежните институции ФЗОМ и Министерството за здравство и Бирото за лекови, во најкус можен рок треба да превземат активности за изготвување и донесување на акти/правилници со кои ќе се утврдат референтните цени и единствените цени на сите медицински потрошни материјали. Со утврдувањето на референтните и единствените цени ќе се намали одливот на буџетски средства во субјектите од кои осигурениците односно пациентите вршат индивидуални набавки по значително повисоки цени, како и ќе се олесни процесот на лекување на пациентите.

Универзитетската клиника не располага со имотен лист како доказ за запишано право на сопственост или користење, како основ за евидентирање, за дел од градежните објекти и земјиште, кои ги користи за вршење на дејноста.
Ревизијата препорачува Правниот следбеник да продолжи со активностите за обезбедување документи за запишување на правото на сопственост или користење во Агенцијата за катастар на недвижности.

Владата на Република Македонија со Одлука бр.51-4511/1 од 31.07.2010 година изврши спојување на Јавните здравствени установи Универзитетска клиника за трауматологија – Скопје, Универзитетска клиника за ортопедски болести – Скопје и Ургентен центар – Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје (во натамошниот текст Правен следбеник).

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи прикажани на страна 19 до 21 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1.1. на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Ѓорѓи Зафировски, в.д. директор до 14.04.2009 година и
- Д-р Илир Хасани, в.д. директор од 14.04.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи на кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за целосниот прием, потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника. Нема евиденција за залихи на лекови и медицински материјали на ниво на одделение и не е извршен попис на залихата на лекови и медицински материјали по одделенија за 2009 година. Евиденцијата на приемот и потрошокот на лековите и медицинските материјали во Болничката аптека не е целосна и не е идентична со прикажаните податоци во пресметките за извршените здравствени услуги, доставени до ФЗОМ.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.09 - 15.10.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица во Универзитетската клиника, одржан на ден 10.11.2010 година.
На ден 28.01.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени под бр.10-179/3.
Примените забелешки се разгледани и констатирано е дека упатената забелешка на точка 3.3.5. и доставените докази, овластениот државен ревизор ги имал во предвид и во текот на вршењето на ревизијата, поради што утврдената состојба не се менува.
Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

**Процес на управување со готовинските средства**

4.1.1. Универзитетската клиника нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на Универзитетската клиника и нивно евидентирање, како приход по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по овој основ, ревизијата констатира ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од можни злоупотреби на истите, што може да доведе до незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**
Правниот следбеник да донесе интерни акти за имплементирање на процедури за целосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства и контрола на наплатените и уплатените средства во благајната и нивниот пренос на сметката на Универзитетската клиника.

**Процес на управување и евидентирање на залихите**

4.1.2. Универзитетската клиника нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите на лекови и медицински материјали во рамките на Болничка аптека и во рамките на секоја организациона единица-одделение одделно, односно истиот функционира како воспоставена пракса, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавна финансиска контрола. Непостоење на пишани процедури, предизвикува ризик искажаните податоци во финансиските извештаи да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Универзитетската клиника.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Правниот следбеник да превземат активности за донесување и воспоставување интерни акти, кои ќе овозможат точност, целосност и навременост на податоците поврзани со приемот, издавањето, потрошокот и евидентирањето на залихата на лековите и медицинските материјали.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во 2009 година како работоводен орган, директор на Универзитетската клиника именувано е едно лице, в.д. директор од областа на медицината, но не и лице како втор директор, што не е во согласност со член 137 од Законот за здравствена заштита. Ваквиот начин на раководење не овозможува подеднаква одговорност на две лица во работењето и превземањето на обврските во правниот промет.
Во текот на 2009 година Универзитетската клиника има распишано конкурс за избор на директор и целокупната документација од постапката е доставена до Министерството за здравство, но до денот на вршење на ревизијата истата не е завршена.

**Препорака:**
Правниот следбеник во соработка со Министерство за здравство да ја продолжи иницијативата за избор и именување на двајца директори, како работоводен орган на Универзитетската клиника, под услови и на начин утврден со општ акт на здравствената установа.

4.2.2. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**
Правиот следбеник во актите за систематизација на работните места да предвиди и да имплементира Единицата за внатрешна ревизија.

4.2.3. Универзитетската клиника во месец април 2009 година склучила Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците со Медицинскиот факултет Скопје. Со оваа спогодба наставниците и соработниците правата и обврските од работен однос, право на плата и надоместоци на плата, треба да ги остваруваат во двете установи, сразмерно на времето поминато на работа во двете установи.

Во текот на 2009 година, наставниците и соработниците, правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника и немаат склучено договор за вработување и со Медицинскиот факултет, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба.

За вршење на образовната и научноистражувачка дејност на Универзитетската клиника, трансферирани се средства од страна на Медицинскиот факултет во износ од 957 илјади денари и истите се исплатени на наставниците и соработниците, како авторски хонорар.

Поради не склучени договори за работа со двете установи и не извршено разграничување на времето поминато на работа на Универзитетската клиника и на Медицинскиот факултет, на оваа категорија вработени, Универзитетската клиника исплатила плата за полно работно време и во исто време и авторски хонорар за часовите на работа поминати на Медицинскиот факултет. Наведената состојба не е во согласност со член 179 од Законот за високото образование.

Во текот на 2010 година, Медицинскиот факултет има добиено согласност за вработување на лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања и на ден 22.07.2010 година доставил Барање за отпочнување на постапка за регулирање на работниот однос на наставниците и соработниците. До денот на извршувањето на ревизијата не се склучени договори за вработување.

**Препорака:**
Правниот следбеник да ги продолжи отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување со наставниците и соработниците сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност во двете установи.

4.2.4. Универзитетската клиника има ангажирано од 3 до 12 волонтери кои извршуваат работи и работни задачи од редовен работен однос во период и по неколку години. Волонтерите се ангажирани за работни места лекар, медицинска сестра и болнички транспортер.

Во периодот од 2008 до 2010 година Универзитетска клиника има доставено Барања за согласност за вработувања на 23 лица во редовен работен однос за овие работни места, за кои се уште не е добиен одговор од Министерството за финансии. Поради ваквата состојба истите лица продолжуваат да ги извршуваат работни задачи и во 2010 година.

Ревизијата констатира дека Универзитетската клиника нема утврдено програма за волонтирање, начин и постапка за обезбедување на лицата волонтери, согласно член 6 од Законот за волонтерство. Ангажирањето на лица како волонтери, без утврдена постапка, услови и критериуми за избор, остава простор за субјективно одлучување при избор на лицата и не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место.

**Препорака:**
Правниот следбеник доколку има потреба од волонтерска работа, да изготви програма за волонтирање, со утврдени критериуми за ангажирање на волонтерите, заради обезбедување транспарентност при нивното ангажирањето.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.3.1. Плаќањето на здравствените услуги од страна на ФЗОМ се врши во висина на вкупниот надоместок - буџетски плафон, утврден со Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита на Универзитетската клиника, во износ од 101.094 илјади денари, а не во висина на реално извршените здравствени услуги, во износ од 89.057 илјади денари. Поради воспоставениот начин на плаќање на здравствените услуги, од страна

на ФЗОМ исплатени се повеќе средства во износ од 12.037 илјади денари, што не е во согласност со член 11 од наведениот договор, согласно кој променливиот дел од надоместокот зависи од извршениот обем и вид на здравствени услуги.

**Препорака:**
Планот на видот и обемот на здравствените услуги да е одраз на реалните потреби и можности на Универзитетската клиника, кој понатаму ќе биде основа за склучување на Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита со ФЗОМ, согласно кој ќе се врши и исплата на средствата од страна на ФЗОМ.

4.3.2. За дел од медицинските материјали - материјали за вградување - импланти, кои се потребни за извршување на здравствените услуги за одредено заболување, кои Универзитетската клиника во определен момент ги нема на залиха, пациентите вршат индивидуална набавка со сопствени средства. За ваквите материјали Универзитетската клиника издава потврда со која докажува дека не располага со определениот материјал, која понатаму му служи на пациентот како основ за рефундирање на средствата од страна на ФЗОМ, согласно член 9 од Законот за здравственото осигурување. За овој износ на рефундирани средства ФЗОМ, согласно член 15 од Договорот, врши намалување на месечниот надоместок на Универзитетската клиника.

За овие материјали Универзитетската клиника не располага со евиденција, поради што ревизијата не можеше да го потврди нивниот вид, обем и износ, нивното користење по пациенти, кој согласно податоците добиени од ФЗОМ за 2009 година изнесува 13.970 илјади денари.

При рефундирањето на средствата, ФЗОМ исплаќа средства за медицински материјали набавени по малопродажни цени, кои се многу повисоки од цените кои Универзитетската клиника ги постигнала преку спроведената постапка за јавна набавка. Цената на имплантите, набавени со постапка за јавна набавка, зависно од видот, се движи од 22 до 79 илјади денари, а малопродажната односно рефундираната цена од страна на ФЗОМ се движи од 42 до 129 илјади денари.

Причина за ваквата состојба е ненавремената набавка на лекови и медицински материјали од страна на Универзитетската клиника, односно лошото планирање и ненавремено отпочнување на самите постапки за јавните набавки.

Ненавремената набавка на потребните материјали за вршење на здравствените услуги, намалувањето на буџетот на Универзитетската клиника за износ на рефундираните средства од страна на ФЗОМ, ја

доведува во прашање примената на член 37 од Законот за буџетите, согласно кој буџетските корисници се должни буџетските средства да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно. Од друга страна целата постапка на обезбедување документација за набавка на материјалите од страна на пациентите со сопствени средства, рефундирањето на истите, е постапката која го отежнува процес на обезбедување на здравствени услуги, односно нивното лекување.

**Препорака:**
Правниот следбеник, постапките за јавни набавки за медицинските материјали - материјали за вградување - импланти да ги отпочнува на време, согласно реалните потреби за извршување на планираниот вид и обем на здравствени услуги.

4.3.3. Врз основа на буџетскиот плафон утврден од страна на ФЗОМ со Одлуката за утврдување на буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година, Универзитетската клиника изработува Финансиски план на одобрените средства за 2009 година (Проекција на приходи и расходи) со утврдени намени за нивно користење. Во текот на месец ноември 2009 година, поради намален обем на извршени здравствени услуги, од страна на Управниот одбор на ФЗОМ извршено е намалување на буџетскиот плафон на Универзитетската клиника за износ од 4.088 илјади денари, за кој износ не е извршено усогласување на финансискиот план со одобрените средства. Ваквата состојба придонесува Универзитетската клиника да нема увид во наменското користење на средства.
Со измените на Законот за здравственото осигурување, почнувајќи од 01.01.2011 година, се менува системот за финансирање на јавните здравствени установи, во однос на начинот и роковите на изготвување на годишниот план за приходи и расходи, негово донесување, извршување, изменување и дополнување.

**Препорака:**
Правниот следбеник да врши измена на годишниот план за приходи и расходи по видови намени, согласно секоја измена на одобрените средства од страна на ФЗОМ.

**Биланс на состојба**

4.3.4. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2009 година, ревизијата констатира дека не е извршен попис на залихата на лекови и медицински материјали по одделенија (освен за одделението за изведување на оперативни

интервенции извршен е попис на залихата на медицинските материјали за вградување - имплантите), што не е во согласност со член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници како и одредбата за Попис на средствата, обврските и побарувањата од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници

Вршењето на нецелосен попис, без усогласување на сметководствената со фактичката состојба, влијае на реалното и објективното искажување на залихите во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Правниот следбеник да донесе и да воспостави процедура за вршење на попис со што ќе се обезбеди потврдување на вредноста на искажаните билансни позиции.

4.3.5. Во деловните книги на Универзитетската клиника искажана е сегашна вредност на градежни објекти во износ од 19.559 илјади денари и земјиште во износ од 62.300 илјади денари.

Со ревизијата е констатирано дека дел од градежните објекти во износ од 16.001 илјади денари и земјиште во износ од 62.300 илјади денари, кои Универзитетската клиника ги користи за вршење на дејноста, се сопственост на Република Македонија со право на користење на Министерство за здравство. Универзитетската клиника не располага со имотен лист како доказ за запишано право на сопственост или користење, како основ за евидентирање, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член од 120 од Законот за катастар на недвижности. Ваквата состојба предизвикува вредноста на градежните објекти и земјиштето во финансиските извештаи, да не е реално и објективно искажана.

Во 2009 година Универзитетската клиника доставила Барање до Министерството за здравство за обезбедување на документација заради пренесување на правото на користење на градежни објекти.

До денот на вршење на ревизијата Правниот следбеник не располага со документација за запишување на правото на сопственост или користење.

**Препорака:**

Правниот следбеник да продолжи со активностите за обезбедување документи за запишување на правото на сопственост или користење во Агенцијата за катастар на недвижности.

4.3.6. Не е воспоставена евиденција на побарување по основ на пресметана партиципација во организациони единици, поради евидентирање на уплатената партиципација во износ од 6.394 илјади денари, што не е во согласност со член 18 од Договорот за извршување на здравствени услуги, склучен со ФЗОМ. Универзитетската клиника води рачна евиденција на вкупно пресметаната партиципација за 2009 година која изнесува 6.521 илјади денари. Невоспоставената евиденција на пресметаната и наплатената партиципација, придонесува побарувањата и обврските по овој основ да се нереално и необјективно прикажани во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Правиот следбеник да воспостави сметководствена евиденција на пресметаната и наплатената партиципација во секоја организациона единица поодделно.

4.3.7. **Набавката** на медицинските материјали за вградување - импланти, во износ од 12.569 илјади денари, како и на дел од медицинскиот потрошен материјали во износ од 2.224 илјади денари, се врши преку Комисијата за јавна набавка при Универзитетската клиника. Набавката на лекови и дел од медицински потрошен материјали во име и за сметка на Универзитетската клиника ги извршува Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Универзитетска клиника и ургентен центар, врз основа на склучен Договор за групна набавка, во износ од 6,567 илјади денари.

**Испораката** на лекови и медицински материјали од Болничка аптека до секое одделение се врши врз основа на барања доставени од одделенијата, која се евидентира на вкупно ниво, без да се задолжи секое одделение одделно.

**Приемот** на лекови и медицински материјали во одделенијата се евидентира во „рачни приемни книги„, а **потрошокот** по пациент на болнички листи.

За извршените здравствени услуги се изработуваат **фактури,** кои паѓаат на товар на ФЗОМ или на товар на пациентите (приватни услуги) и истите се темелат на поединечните пресметки по пациент.

Ревизијата констатира дека за вкупниот прием и испорака на лековите и медицинските материјали од Болничка аптека до одделенија има финансиска и материјална евиденција, додека:

- нема евиденција за залихи на лекови и медицински материјали на ниво на одделение,

- нема евиденција за вкупниот потрошок на лекови и медицински материјали по пациенти (воспоставената евиденцијата за потрошени лекови по пациент, нуди податоци одделно по лице),
- вкупно фактурираните/задолжените лекови и медицински материјали не можат да се споредат со реално потрошените на ниво на Универзитетската клиника,

што не е во согласност со член 4 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, согласно кој Универзитетската клиника во своето сметководство треба да обезбеди, покрај останатите и податоци за состојбата на средствата и нивните извори.

Со вака воспоставениот начин на евиденција, Универзитетската клиника нема увид над вкупниот реален потрошок на лекови и медицински материјали, залихи во секое одделение пооделно, оневозможено е следење на нивното трошење и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба, како и контролата при управување и користење на истите и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање. Ваквата состојба има за ефект ограничување на делокругот, истиот е материјален, поради што ревизијата не беше во состојба да прибави достатни соодветни ревизорски докази за да изрази мислење за залихите и расходите на лековите и медицинските материјали.

**Препорака:**

Правниот следбеник да превземе мерки за воспоставување на целосна евиденција на лековите и медицинските материјали, на ниво на Универзитетската клиника и по одделенијата.

Потребно е евиденцијата на лековите и медицинските материјали односно целокупниот прием, распределбата по одделенија, потрошокот по пациент, фактурирањето на услугите, да се интегрира и да се поврзе во единствен информационен систем, мрежно поврзан, како единствен начин за следење на лековите и медицинските материјали и нивна контрола, како и да се предвиди и организира обука на сите вработени корисници на системот.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. Во текот на 2009 година со одлука од Управен одбор, исплатен е паричен надомест на вработените, по основа на придонес за зголемувањето на сопствените приходи, како вид на надоместок согласно член 20 од Поединечниот колективен договор – дел за плата, други права по основ на плата и надоместоци на плата, во износ од 450 илјади денари, за кој е пресметан и уплатен персонален данок од доход. За исплатените средства не се пресметани и уплатени придонеси за задолжително социјално осигурување што не е во

согласност со член 14 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно кој ....„Основица за пресметка и плаќање на придонеси е плата, дополнителни примања од работен однос ....„. Ваквиот начинот на исплата на правата по основ на плата, без пресметка и уплата на придонесите за задолжително социјално осигурување, има влијание врз реалното утврдување на основицата за пресметка на плата и придонеси од плата, како и на основицата за пресметка и остварување на правото од пензиско и инвалидско осигурување, односно пензија.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на правниот следбеник, исплата на плата и надоместоци на плата да ја вршат согласно законот и колективните договори.

4.4.2. Универзитетската клиника во 2009 година евидентирала трошок за извршени набавки на лекови и медицински потрошен материјал по спроведени постапки за јавни набавки од страна на Јавната установа од областа на здравството за потребите на Јавните здравствени установи универзитетски клиники, Универзитетска клиника и ургентен центар – Скопје (во натамошниот текст Јавна установа), врз основа на склучен Договор за извршување на групна набавка на стоки, услуги и работи, во износ од 6.405 илјади денари. Универзитетската клиника се обврзува да и плати на Јавната установа согласно цените определени во договорите за лекови и медицински материјал склучени со економските оператори.

Со ревизијата на фактурите добиени од Јавната установа е констатирано дека во тековната година не е вршена контрола на фактурираните цени, поради недоставени договори за лекови и медицински материјал склучени помеѓу Јавната установа и економските оператори, спротивно на член 4 од Договор за извршување на групна набавка на стоки, услуги и работи.

Универзитетската клиника нема определено лица или организациски облик за вршење на работи за реализацијата на договорите, со следење на реализацијата на количините и цените, што не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки, поради што ревизијата не може да се увери во доследноста на реализацијата на договорите по количини и цени.

Во текот на ревизијата Правниот следбеник достави Барање до Јавната установа за доставување на склучените договори за набавки на стоки, услуги и работи, со прилог спецификации на лекови и медицински потрошен материјали и истите беа обезбедени.

**Препорака:**
Правниот следбеник да определи лице кое ќе врши контрола на извршените набавки на лекови и медицински материјали, согласно склучените договори со избраните добавувачи.

4.4.3. Универзитетската клиника во 2009 година има превземено обврски на име провизија за авторски хонорар, за исплата на надоместок на лицата вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет, во износ од 956 илјади денари, по претходно склучени месечни договори, без спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 од Законот за јавни набавки.
Недоследното применување на одредбите од Законот за јавни набавки, доведува до примена на необјективни критериуми за избор на најповолен економски оператор, нетранспарентност и повластена положба на одредени економски оператор и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Правниот следбеник да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените констатации, кои се однесуваат на необезбедени достатни и соодветни податоците за приемот, потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника, неизвршен попис согласно законска регулатива, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.3.2., 3.3.4., 3.3.5. и 3.3.7., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точката 3.3.2., 3.3.4., 3.3.5. и 3.3.7., ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.
Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.
Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.
Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. Со ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 451 илјади денари.

6.2. ФЗОМ, согласно Законот за здравствено осигурување има обврска да ги утврдува референтните цени за лековите, медицинските помагала, опремата, протезите, ортопедските и други помагала и потрошените материјали кои се користат во здравствената заштита на осигурените лица, кои ги надоместува и на кои министерот за здравство дава согласност. Референтна цена е максималниот износ кој ФЗОМ го надоместува за одреден лек и помагало.
ФЗОМ има донесено Правилник за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови и Правилник за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на отропедски и други помагала. За медицинските потрошни материјали во кои спаѓаат и

материјали за вградување – импланти, ФЗОМ нема донесени акти за утврдување на референтни цени.

Поради ваквата состојба, ФЗОМ во 2009 година врши рефундирање на средства на осигурениците за набавени медицински потрошни материјали, по цени за кои нема утврдено максимална граница која ја надоместува.

Ревизијата препорачува надлежните институции ФЗОМ и Министерството за здравство и Бирото за лекови, во најкус можен рок треба да превземат активности за изготвување и донесување на акти/правилници со кои ќе се утврдат референтните цени и единствените цени на сите медицински потрошни материјали. Со утврдувањето на референтните и единствените цени ќе се намали одливот на буџетски средства во субјектите од кои осигурениците односно пациентите вршат индивидуални набавки по значително повисоки цени, како и ќе се олесни процесот на лекување на пациентите.

## 7. Нагласувања на прашања за неизвесност и континуитет

7.1. Во тек е судска постапка, чиј исход ќе има влијание на износот на обврските на Универзитетската клиника, во која тужена страна е Универзитетската клиника по основ на надомест на штета за која вредноста во моментот на поднесување, не е определена.

7.2. Владата на Република Македонија со Одлука бр.51-4511/1 од 31.07.2010 година изврши спојување на Јавните здравствени установи Универзитетска клиника за трауматологија Скопје, Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје и Ургентен центар Скопје во Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 12,441 | 10,235 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 112,441 | 113,155 |
| **Вкупно приходи** | | **124,882** | **123,390** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 80,581 | 70,299 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 39,689 | 47,268 |
| Каматни плаќања | 3.3.3. | 7 | 4 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **120,277** | **117,571** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 884 | 1,655 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **884** | **1,655** |
| **Вкупно расходи** | | **121,161** | **119,226** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **3,721** | **4,164** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3,721 | 4,740 |
| Побарувања | 4.1.2. | 505 | 202 |
| кауции | 4.1.3. | 0 | 4 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.1.4. | 4 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.5. | 1 | 1 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 28,318 | 32,899 |
| Залихи | 4.1.7. | 8,436 | 4,161 |
| **Вкупно тековни средства** | | **40,985** | **42,007** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 30 | 29 |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 62,300 | 62,300 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 28,799 | 28,277 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.2. | 6 | 6 |
| **Вкупно постојани средства** | | **91,135** | **90,612** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **132,120** | **132,619** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 21,955 | 2,894 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 0 | 670 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 479 | 446 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.4. | 1 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.5. | 6 | 215 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.6. | 5,878 | 4,726 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.7. | 4,230 | 28,877 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **32,549** | **37,828** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 99,571 | 94,791 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **99,571** | **94,791** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **132,120** | **132,619** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Ревалоризациона резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **90,630** | **4,161** | **0** | **94,791** |
| | | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **2,865** | **22,074** | **833** | **25,772** |
| Набавки | 800 | 22,074 | 0 | **22,874** |
| Ревалоризација на нематеријални и материјални средства | 833 | 0 | 833 | **1,666** |
| Останати зголемувања - добиени средства како донација | 1,232 | 0 | 0 | **1,232** |
| | | | | |
| **Намалување по основ на:** | **(2,360)** | **(17,799)** | **(833)** | **(20,992)** |
| Амортизација | (2,342) | 0 | 0 | **(2,342)** |
| Кусок по попис - корекција | (17) | 0 | 0 | **(17)** |
| Расходување на опрема | (1) | (17,799) | (833) | **(18,633)** |
| | | | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **91,135** | **8,436** | **0** | **99,571** |

ЈЗУ УК ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА
РЕАНИМАЦИЈА, ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ
Водњанска 17 тел.факс ++389(02)3110532

E-mail: jzuuktoarilucskopje@gmail.com

Република Македонија
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА
КЛИНИКА ЗА ТРАУМАТОЛОГИЈА, ОРТОПЕДСКИ
БОЛЕСТИ, АНЕСТЕЗИЈА, РЕАНИМАЦИЈА
И ИНТЕНЗИВНО ЛЕКУВАЊЕ И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР
Бр. 0302-1324/2
24.01 2011 год.
СКОПЈЕ

**До**

**Државен завод за ревизија**

**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Вашиот допис бр.10-179/6 од 27.12.2010г.

Во врска со Вашиот допис Ве известуваме дека генерално немаме забелешки на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на ЈЗУ Универзитетска клиника за ортопедски болести за 2009г. со исклучок во наводите дадено во т.3.3.5. дека Клиниката не располага со имотни листови за градежните објекти. Имено Клиниката поседува и Ви достави имотни листови и за двата објекти во кои врши дејност, со утврдено право на користење. Кон овој допис повторно Ви ги доставуваме имотните листови.

Воедно изразуваме благодарност за коректноста и точноста во Вашето работење , како и благодарност за укажаните препораки, кои секакао ќе помогнат во нашето понатамошно работење.

Со почит,

**ПРИЛОГ:** Имотен лист бр.45403 КО Кисела Вода 2
Имотен лист бр.17948 КО Центар 2

**ВД ДИРЕКТОР**
**Асс.Д-р.Реџеп Сељмани**

28. 01. 2011
10 207/1

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Раководното лице, законскиот застапник на субјектот на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје, кој е Правен следбеник на Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје, на ден 24.01.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои се заведени под број 10-207/1 од 28.01.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и констатира дека дополнително доставените докази ги имал во предвид и во текот на вршењето на ревизијата, поради што утврдената состојба не се менува. Детални објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение како што следува:

1. Упатената забелешка на **точка 3.3.5.** која се однесува на тоа дека Универзитетската клиника не располага со имотен лист како доказ за запишано право на сопственост или користење за дел од градежните објекти и земјиште кои ги користи за вршење на дејноста, **не се прифаќа.** Дополнително доставените имотни листови само ја потврдуваат констатираната состојба дека дел од градежните објекти се сопственост на Република Македонија со право на користење на Министерство за здравство – Клиника за ортопедски болести и Министерство за здравство - Ортопедски завод Мајчин дом.
   Потребно е за истите да се превземат активности за добивање на имотен лист во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, каде правото на користење ќе се пренесе на правниот следбеник на Универзитетска клиника за ортопедски болести Скопје, односно ќе се пренесе на Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар Скопје.